РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-368/12
09.07 2020 год.

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување(„Службен весник на РМ" бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на ден 09.07.2020 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Се менува и дополнува Правилникот за систематизација на работни места во Стручната служба на Комората на извршители на РСМ донесен на ден 09.10.2013 година со работно место Правник на начин што по работното место после реден број 5 се додава :

„ Реден број и назив на работно место: 6 Правен референт
Звање на работно место: Правник
Одговорен пред: Генерален секретар на КИРСМ
Цел на работно место: спроведува правни работи кои бараат стручност, самостјност и одговорност, а се однесуваат на работата на Стручната служба на КИРСМ и со која ќе биде задолжен од Генералниот секретар на КИРСМ.
Работни задачи и должности:

1. Изработува писмени дописи, известувања и извештаи;
2. Изработува одговори на претставки и приговори за кои е задолжен од страна на Генералниот секретар на КИРСМ;
3. Води записници за средби и состаноци за потребите на Комората;
4. Пружа стручна правна помош по напатствија на Секретарот на КИРСМ;
5. Подготвува податоци потребни за изработка на информации и извештаи за Комората;
6. Подготува и обработува статистички податоци на барање на Генералниот секретар на КИРСМ;
7. Се грижи рецеписите од пошта и доставниците да бидат уредно споени со испратениот акт и изработува попис на списи од предмет за потребите на Комората;
8. Се грижи и одговора за уредноста и хронологијата на предметите со кои бил задолжен од страна на Генералниот секретар;
9. Води статистика за потребите на извештаите за прогресот на напалта по предметите со кои бил задолжен;
10. Навремено и квалитетно извршува и други задачи кои му се доверени од страна на Генералниот секретар на КИРСМ;
11. Одговора во рамките на своите овластувања

Во случај на спреченост на правникот да ги обавува своите должности заменувањето ќе го врши Помладиот стручен соработник на КИРСМ, а особено во случај на годишен одмор, болест или друго оправдано отсуство.
Посебни услови: дипломиран правник со 300 кредити според ЕКТС
Работно искуство: најмалку 2 години на правни и извршни работи
Други професионални квалификаци: познавање на MS OFFICE апликации
Ефикасност/ефективност
Способност за тимска работа
Активно познавање на еден странски јазик

Оваа одлука стапува на сила веднаш и истата ќе се објави на веб сајтот на Комората на извршители на РСМ.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Зоран Димов